

# ГОДИШЕН ИНФОРМАТОР

## ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

Драги мои сограѓани, драги паланчани,

Први ноември 2022 година е датумот кога наврушува точно една година од превземањето на оваа функција, за мене обврзувачка: со посветеност,труд и најважно- со дела, да ја оправдам Вашата дадена доверба да бидам Ваш градоначалник.

365 дена градоначалник на Општина Крива Паланка се една прекрасна, макотрпна, исполнета со многу работа и вложени труд и енергија, година, во служба на граѓаните.

Изминатите 365 дена значат посветеност, несебично залагање, подобрена ефикасност во работењето на општината, достапност, транспарентност, одговорност, што се реализира благодарение на заедничката соработка со советниците и општинските служби.

Не постои поголема чест од тоа во одреден период од животот да имаш можност со својата работа да им служиш на граѓаните. А кога се граѓаните во прашање, чест и задоволство е да се работи за секој еден жител на нашата убава Крива Паланка, да се биде посветен на доброто на заедницата, да се работи неуморно за жителите од секој сокак, од секое маало и секоја населба во општината, така како што се обврзав пред една година и како што ветив кога ја побарав Вашата поддршка.

Уште од првиот ден на мојот мандат почнав да се соочувам со сите предизвици за што поскоро реализирање на планираните проекти од приоритетните области во предизборната програма, постепено решавајќи ги најгорливите проблеми со кои се соочуваат граѓаните.

Целата енергија што во овој период беше вложена во проекти, реализација на идеи, замисли, планови и програми е препознатлива и видлива на речиси секој чекор, на секоја секоја педа во градот. За тоа говорат бројните реализирани, создадени и изградени проекти од областа на инфраструктура, хортикултура и хигиена, култура, социјална заштита, спорт, за жителите: најмали, млади и возрасни.



Така се работеше во овие изминати 365 дена, така се работи и денес, со личен влог во подобра иднина за сите кои живеат овде во нашиот убав град под Осоговието, зашто се обврзав кога стапив на функцијата, со искрена мисла и јасна цел – не да владеам, туку да му служам на народот.

Со чисто срце и искрена намера, без ронка личен интерес, со челична волја да ги промениме работите на подобро - стапив на функцијата градоначалник на Општина Крива Паланка.

Транспарентно, отчетно и јавно работам 365 дена од срце за Вас, мои паланчани и продолжувам да работам неуморно нашата Крива Паланка да биде најдоброто место за живеење на сите генерации.

Со почит,
Ваш Градоначалник,
Сашко Митовски

# ЛОКАЛНА ПАТНА МРЕЖА

**1 Опис:** Реализиран крупен капитален инфраструктурен проект во Општина Крива Паланка-извршено е асфалтирање на патот кон село Огут, делница с.Габар-м.в. Метежевски преслап.
По речиси 40 години од изградбата, реализиравме капитален инфраструктурен проект со кој е извршена целосна рехабилитација и асфалтирање на патниот правец кон село Огут. Ја подобривме сообраќајната комуникација за жителите и на селото Огут, но и на околните села: Габар, Метежево и Нерав.

**Вредност:** Инвестиција во вредност од 15 милиони денари, буџетски средства од годишната програма на Јавното претпријатие Државни патишта за 2022 година.



**2 Опис:** Асфалтиран пат во село Луке, од м.в. Спасена до село Луке во должина од 4,4 километри.
Со реализација на проектот за оваа делница, жителите на с.Луке,по 40 години изградба, добија комлетно нов пат со вкупна должина од 15 километри ,поврзувајќи го ова село со Крива Паланка.

**Вредност:** Вкупната инвестиција на овој капитален проект е околу 16 милиони евра, реализирани преку програмата на ЈПДП и Македонија пат.



**3 Опис:** Асфалтиран пат кон село Кошари-крак1, во должина од 2 километри.
Извршено е асфалтирање на патен правец од првата фаза – Крак 1 во с.Кошари, во должина од 2010 метри.

**Вредност:** Вкупната вредност на овој зафат за изградба на локален пат – (Крак1) во с.Кошари, е во висина од 12.877.980 денари, од кои 9,5 милиони се обзбедени преку Бирото за регионален развој, а останатиот дел финасиски средства се од општинскиот буџет.



**4 Опис:** Комплетно е асфалтиран пристапниот пат кон новите градски гробишта во Конопница и поставена е сообраќајна сигнализација. Со реализација на овој проект по подолг временски период решивме еден горлив проблем на сите граѓани.

**Вредност:** Проектот е со вредност од 198 000 евра, а средствата се обезбедени од кредит на Светска банка преку Министерството за транспорт и врски.



**5 Опис:** Извршено асфалтирање на улица Вршачка во село Конопница. Жителите на овој дел од градот чекорат по нов асфалт.

**Вредност:** Средствата за реализација на овој проект се обезбедени од буџетот на општина Крива Паланка во висина од 3.000.000 денари.



**6 Опис:** Поставен нов слој асфалт на ул.„Лозановска“, населба Лозаново во должина од 850 метри.

**Вредност:** 3.500.000 денари
Овој проект се реализираше со средства од буџетот на Општина Крива Паланка, од програмата за локална патна мрежа - тековно одржување на локални улици и патишта.



**7 Опис:** Завршена рехабилитација и асфалтирање на улица „Херој Карпош“, а на дел од улицата е поставена и нова атмосферска канализација со што е надминат проблемот со собирање на атмосферска вода на најкритичните точки.

**Вредност:** 700.000 денари
Проектот се реализираше со средства од буџетот на Општина Крива Паланка, од програмата за локална патна мрежа - тековно одржување на локални улици и патишта.



**8 Опис:** Го завршивме проектот за реконструкција и рехабилитација на пристапен пат во населба „Единство“, т.е. пристапенот пат од поранешен Ловечки дом до м.в. Радевска маала и улица „Пиринска“.
Проектот е финансиран од Министерство за транспорт и врски, преку Програма за поддршка на имплементација на декада на Ромите и кофинасиран од буџет на Општина Крива Паланка.

**Вредност:** Вкупната вредност на овој проект е во висина од 3. 315. 873. денари, од кои преку Министерството за транспорт и врски се обезбедени 2.000.000 денари, а 1.315.873 денари се од буџетот на Општина Крива Паланка.



**9** **Опис:** Комплетно изграден и асфалтиран локален пат во населба Мизовски ливади.

**Вредност:** Локалниот пат во Мизовски ливади е асфалтиран со финасиски средства обезбедени преку ТАВ програмата за подобрување на локалната инфраструктура во општините, а во асфалтирањето на крак 2 и крак 4 вложени се 16 милиони денари.




## 10 ТАМПОНИРАЊЕ - САНИРАЊЕ СЕЛСКИ ПАТИШТА

- Извршено е тампонирање на пристапен пат до м.в. Крстата падина со средства обезбедени преку Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Р.С.Македонија;

- Извршена е санација на делови од локални земјени патишта во атарот на село Огут и село Нерав;

- Извршена е санација со прочистување и порамнување на локален пат во село Мартиница;

- Вршиме санација на локален пат во с.Конопница од м.в. Спас до м.в.Крст.







**11** Поставена вертикална и хоризонтална сообраќајна сигнализација на ул.„Свети Јоаким Осоговски“ на потегот од мотелот Македонија, до Станица за технички преглед.



**12** **Опис:** Поставена е еластична одбојна ограда на повеќе локации во градот и тоа: Белевски дол, Скрљавски дол и новоизградените потпорни ѕидови на ул. Никола Тесла, лев крак.

**Инвестиција/вредност:** Финасиските средства се обезбедени од Буџетот на Општина Крива Паланка.



## ИНФРАСТРУКТУРНИ ПРОЕКТИ

**1** **Опис:** Ги завршивме активностите за изградба на новиот кат од објектот „Поточиња“ при ОЈУ Детска градинка „Детелинка“.
Со проширување и надградба на градинката „Детелинка“ во центарот на Крива Паланка се обезбедува предучилишно образование и воспитание на уште 102 деца, со што вкупниот капацитет се зголемува на 200 деца.

**Вредност:** Проширувањето на градинката е реализирано со средства во висина од 23.500.000,00 денари обезбедени од Министерството за труд и социјална политика, преку проект на Светска Банка и дополнителни средства од општината, а објектот е целосно енергетски ефикасен.





**2** **Опис:** Извршена е санација и обнова на целокупниот ентериер на кино салата во НУ Центар за култура, со нови гардеробери, соблекувални, сцена и поставен модерен систем за осветлување.

**Вредност:** Финансиските средства за реализација на овој проект се обезбедени преку Министерство за локална самоуправа-Биро за регионален развој, во висина од околу 4 милиони денари и кофинасирање од општинскиот буџет со 441.954 денари.





**3** **Опис:** Завршена комплетната изградба на рекреативна пешачка патека „Бабин Дол“ што води кон манастирот ,,Св. Јоаким Осоговски“ во должина од околу 900 метри. Изградени се регулација на коритото и мост, поставени се осветлување и хортикултура.
Изградбата на пешачката патека се реализираше во рамки на проектот „Одржливо искористување на културното наследство на Дупница и Крива Паланка“ преку ИПА Програмата на Европската Унија за прекугранична соработка помеѓу Северна Македонија и Бугарија.

**Вредност:** Вкупна вредност на инвестицијата е во висина од околу 185.000.оо евра, а вкупната вредност на прекуграничниот проект„Одржливо искористување на културното наследство на Дупница и Крива Паланка“ е 459.435.оо евра.





**4 Опис:** Завршено е уредување на локалитетот Станечки водопади со направена и уредена патека кон туристичкиот локалитет и патека што води кон Ловечка куќичка на Калин Камен во должина од 4 300 метри. Изградбата на патеката е дел од проектот „Да ги поврземе бисерите“ кој Општина Крива Паланка го реализира заеднички со град Лесковац и Центар за развој на Јабланички и Пчињски округ, проект од ИПА програмата на Европска Унија за прекугранина соработка меѓу Србија и Северна Македонија

**Вредност:** Вкупната вредност на прекуграничниот проект е во висина од 236.444.оо евра, а вредноста на инвестицијата е во висина од 44.277.оо евра. Финасиските средства се обезбедени од ЕУ преку Програмата за прекугранична соработка помеѓу Србија и С.Македонија.






**5 Опис:** Интензивно се работи на изградба на пешачко -рекреативната патека “Стара вада” висока зона лев брег, во должина од околу 975 метри.
Наскоро Крива Паланка ќе добие уште еден инфраструктурен проект кој ги надополнува содржините за промоција на убавините на градот. Патеката се гради во продолжение на постојната траса наспроти гимназијата до населба Маневци.

**Инвестиција:** Средсвата се обезбедени од Бирото за регионален развој преку СИПР.





**6 Опис:** Изграден нов систем за наводнување во с.Конопница.
Овој систем за наводнување ќе опслужи 42 хектари земјоделско земјиште, а бенефит ќе имаат над 100-тина земјоделци. Проектот за овој систем опфаќа: зафат на водата до реката Криво Мосте, поврзување со постојната мрежа, изградба на секундарна мрежа директно до земјоделските површини и квалитетно снабдување со вода за наводнување.

**Инвестиција/Вредност:** Проектот е со вкупна вредност од околу 300.000 евра, а фининсиската поддршка за реализација на проектот е од ЕУ и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.





**7** **Опис:** Во ОЈУ детска градинка „Детелинка” објект, „Пролетна роса“, го завршивме проектот за реконструкција на дел од физичките простории и корисни површини.
Со реализација на овој проект се изврши осовременување на условите во објектот со реконструкција на кујната и пералната, реновирање на тоалетите, реконструкција на подовите, промена на електричната инсталација, бојадисување и поплочување ѕидови. Со реализација на овој проект се унапредува квалитетот на реализација на наставата и престојот на деца.

**Инвестиција/ Вредност:** Вкупната вредност на инвестицијата е во висина од 3.272.269,оо денари, а Средсва се обезбедени преку донација од Јапонската амбасада во Северна Македонија.





**8** **Опис:** Поставена е тартан подлога на предниот дел на училишниот двор на кошаркарското и помошното игралиште на ООУ ,,Јоаким Крчовски”, а останатиот дел од дворот е поплочен со бекатон плочи.
Воедно е обновено со нови штици и помошното игралиште со што се обезбедени сите потребни елементи и истото е оспособено за користење и реализација на наставните програми.

**Инвестиција/ Вредност:** Финасиските средства за реалзизација на овие активности исклучиво се обезбедени преку заштеда од блок дотации на самото училиште.





**9** **Опис:** Опремена е прва сензорна соба во општината во ООУ „Илинден“ за деца со попреченост вклучени во редовната настава. Сензорната соба е опремена со бројни реквизити и стимулативни алатки за учениците со образовни потешкотии.

**Инвестиција/ Вредност:** Сензорната соба е опремена во рамки на проектот „Биди ИН, биди ИНклузивен, биди ИНклудиран“, финансиран од Европската Унија, а го спроведува Фондацијата за образовни и културни иницијативи „Чекор по чекор“ заедно со своите партнери.





**10 Опис:** Завршена е изградбата на минор-коритото на Крива Река од Осички мост до спортскиот комплекс, 3-та фаза, со која се комплетирани 217 метри од коритото. Освен регулација на коритото, изграден е и нов пешачки мост кој ги поврзува двете страни на спортските содржини.

**Инвестиција/ Вредност:** Проектот се реализира со грант од Светска банка во висина од околу 6,5 милиони денари.





**11 Опис:** Реализирана е изградбата на првиот дел од 4-та фаза за изградба на минор коритото од тениското игралиште до почетокот на вливот на Бабин дол во Крива Река, во должина од 200 метри.

**Инвестиција/вредност:** Овој проект чини 4.6 милиони денари, а финансии се обезбедени од Министерство за животна средина и просторно планирање со дел кофинасирање од буџетот на Општина Крива Паланка.





**12 Опис:** Во тек се интензивни активности за изместување на главен лев колектор од градски пазар до населба Бегови Бавчи со цел решавање на долгогодишниот проблем со фекална канализација и непречена реализација на планираните инфраструктурни активности во Општина Крива Паланка.

**Инвестиција/вредност:** Средствата се обезбедени преку Министерството за транспорт и врски во висина од 7.960.189,оо со пресметан ДДВ.





**13 Опис:** Работиме на изградба на доплнителна линија за канализациона мрежа во с. Мождивњак.

**Инвестиција/вредност:** Финасиската поддршка е од Министерството за животна средина и просторно планирање, во висина од 2.405.908 денари.



# ХОРТИКУЛТУРА, ЈАВЕН ПРОСТОР, ОПРЕМА

**1** **Опис:** За прв пат во историјата Општината донесовме одлука со која го зголеми основачкиот влог на ЈП „Комуналец“ што претставува капитал на самото претпријатие но и на општината, средства во висина од 5.500.000 денари.
Извршивме Набавка на специјализирани возила за одржување на јавната чистота во градот.
1 метларка, 2 електрични правосмукалки, 2 машини- косачки, 1 мултифункционален трактор, 1 мулчер за кастрење гранки и 1 метларка специјализирана за перење улици.










**2** **Опис:** Набавено ниво возило за чистење снег со придружна опрема за ЈП „Комуналец“, Крива Паланка. Станува збор за возило компатибилно согласно теренската конфигурација на општината за да може да се реализира брзо и навремено зимско одржување.
Со ова ново, современо, возило се подобри услугата за зимско одржување на службите од „Комуналец“ на подрачјето на целата општина.

**Инвестиција/вредност:** Возилото е во вредност од 3.000.000 денари, грант од Бирото за регионален развој. Набавката е од Програма за намалување на диспаритети помеѓу планските региони, договор со Министерството за локална самоуправа, проект „Безбеден сообраќај во зимски услови во Општина Крива Паланка.





**3** **Опис:** Уредени се дополнителни јавни површини за нов паркинг простор во близина на централното градско подрачје кај меѓуградската автобуска станица, блиску до општинската зграда и полициската станица, покрај сточниот пазар и дополнителен паркинг во близина на зелениот градски пазар со хортикултурно уредување и функционално приспособување.

**Инвестиција/вредност:** Финасиските средства за оваа активност се обезбедени од Буџетот на Општината.





**4 Опис:** Обезбедиме техничка опрема за интервенција за ТППЕ Крива Паланка и Ранковце преку меѓуопштински проект со наслов „Безбедни граѓани и заштитени ресурси како предуслов за одржлив развој“.

**Инвестиција/вредност:** Средствата се обезбедени преку проект за меѓуопштинска соработка со општина Ранковце по јавен повик на УНДП, во висина од околу 2 500.000,оо денари од кои 1.500.000,оо денари се за опремување на ТППЕ Крива Паланка, половина од средствата се за општина Ранковце.








**5 Опис:** Вкупно подигнати нови зелени површини во изминатиот период со површина од 11 030м². Извршивме хортикултурно уредување на повеќе локации во градот и тоа:
-Градски парк и градски плоштад површина од 1280 ²м, со вкупно засадени 152 корени сезонско цвеќе и цветни форми (тунел срце), декоративни дрвца 30 стебла, грмушки 110 дрвца, како и перени и декоративни треви- 230 бр.
-На влезот и излезот од градот, косините покрај кејот, на површина од 350 м2, засадени се декоративни дрвца (зимзелени, листопадни) 95 грмушки и перени -60 бр.










**6 Опис:** Во тек е реализација на проект за изградба и реконструкција на тротоари на ул.Св.„Јоаким Осоговски“ од детската градинка „Детелинка“ до клучката на магистралниот пат А2 и вториот дел, изградба на нови тротоарски површини на потегот од Осички мост до спој со магистралниот пат А2 , со вкупна должина од 2025 метри.

**Инвестиција/ Вредност:** Финансиите за овој проект се обезбедени од Биро за регионален развој преку Североисточен плански регион.



**7** **Опис:** Континуирано спроведуваме акции за одржување и подобрување на хигиената во градот.








**8** **Опис:** Ангажиравме 15 невработени лица од градот за потребите на ЈП „Комуналец“ за континуирано чистење на повеќе локации, преку програмата на АВРМ финансирана од Буџетот на РС Македонија, со кофинансирање од општината.





**9** **Опис:** Спроведени се акции за чистење на сите пропусти, канали и долови заедно со ЈП Комуналец и луѓето ангажирани од страна на Општината за вршење на општо-корисна работа на територија на Крива Паланка.





**10** **Опис:** Склучивме договор за деловно-техничка соработка со КПУ „Затвор Куманово“ отворено одделение - Крива Паланка, за ангажирање на осудени лица кои отслужуваат казна во отвореното одделение во Крива Паланка за потребите на ЈП „Комуналец“ Крива Паланка.



**11** **Опис:** Спроведовме голема еколошка акција насловена „Генералка викенд“ како дел од кампањата „Зелена и Сончева“ и еколошката кампања на ЕУ„Чисто како дома исто“. Расчистени се 59 локации, а во акцијата беа вклучени над 400 учесници од 15-тина установи, организации, претпријатија, компании и над 10-тина граѓански здруженија, спортски клубови и друштва.
Воедно на централниот градски плоштад, се одржа холистичка еко – прослава “Сончева тепсија”, а учествуваа дечињата од предучилишна установа, од основните и средното општинско училиште,како и локални млади музички таленти.








**12** **Опис:** Спроведовме акции за чистење на речното корито на Крива Река.





**13** **Опис:** Поставивме комлетно нова урбана опрема во градскиот парк, масички, клупи за седење и одмор.








# МЛАДИ - СПОРТ

***Младите се движечка сила на општеството, секое вложување во нив е влог во иднината.***

**1** Изградивме ново урбано детско катче во центарот на градот опремено со реквизити за игра и забава на најмладите жители на општината. Донацијата е обезбедена од страна на Амбасадата на Народна Република Кина во Северна Македонија.





**2** Населба Лозаново доби модерно детско игралиште и терен за баскет, нова урбана локација за спортување и тренинг, за здрави и среќни генерации, за среќно детство со игра и смеа на најмладите жители на Крива Паланка.
Игралиштето е донација од Државна Лотарија и кофинансирање од Општина Крива Паланка, а општината интензивно работи и на обезбедување проектна документација за уште 10 нови детски игралишта.





**3** Завршена е изградба на детско игралиште во населба Маневци и за најмладите жители на ул.“8 Октомври“. Детско игралиште е изградено со целосна донација од годишната плата на градоначалникот Сашко Митовски. Со донација од срце за младите паланчани, продолжуваме да работиме неуморно за нашата Крива Паланка да биде најдоброто место за живеење на сите генерации.





**4** Го реализиравме премиерното издание на забавно-рекреативната спортска манифестација „Фудбал за сите“ во организација на Општина Крива Паланка, Фудбалска академија „Фудбал за сите“ и Здружението за унапредување меѓусебна доверба ТАКТ, Скопје.





**5** Го реализиравме првиот “Општински турнир во мал фудбал Крива Паланка 2022”.














**6** За прв пат формиравме клуб во мал фудбал „Осогово 2022“, а клубот е регистриран во ФФМ и веќе од оваа натпреварувачка сезона, 2022/23, се натпреварува во Втората Македонска футсал лига (национална лига во мал фудбал).



**7** Ги подобруваме условите за работа на спортскиот сектор. Се грижиме за младите и спортистите кои нашата гордост и иднина. Вложуваме во нивната перспектива и ги подобруваме условите за нивна непречена надградба.
- Завршена е комплетна замена на осветлувањето во спортската сала „Бранители 2001“ со штедливи лед светилки.



**8** Го одбележавме Денот на Европа, 9-ти Мај и реализиравме спортска, младинска манифестација, со инклузивен сегмент со наслов „Натпреварувачки маратон - Крива Паланка 2022“.



**9** На задоволство и радост на најмалите дечиња во Крива Паланка, обезбедивме и поставување уникатен ЛУНА ПАРК со колички, ролер костер, конвој, рингишпил, кенгури и базен со топки.



**10** Изградена е заштита на фудбалскиот терен и атлетската патека со жичана ограда и столпчиња заради зачувување на спортските терени и подобро одржување на истите.



**11** Конституирано е Локално собрание на млади на Општина Крива Паланка. Формирањето на Локално собрание за млади претставува имплементација на Законот за младинско учество и младински политики во општината, преку кое младите имаат можност да дадат свој придонес во унапредување на младинскиот живот и учество на младите во креирањето и донесувањето на политиките во локалната самоуправа.



**12** Воведени се нови дигитални услуги за граѓаните. Преку превземање на мобилната и веб – апликација „мЗаедница“, сите заинтересирани граѓани имаат можност директно да комуницираат со општината, со одговорните службеници од секој сектор/одделение, да го следат статусот на пријавениот проблем (од различна област) и предлог или пријавата да ја поткрепат со фотографии и GPRS локација.
Примената на оваа апликација дава можност граѓаните на побрз и поедноставен начин да ги остваруваат своите права.



**13** Го конституиравме локалниот Совет за превенција при Општина Крива Паланка кој има за цел да работи на зголемување на безбедноста на територијата на локалната самоуправа и превентивно да дејствува. Локалниот совет за превенција всушност претставува еден вид сервис на граѓаните, а неговата работа треба да ја зголеми довербата меѓу владините институции, локалната самоуправа, граѓанскиот сектор и граѓаните и ќе ја подобри нивната меѓусебна комуникација.



**14** Донесовме одлука за исплата од 3000 денари на секое семејство со новороденче, родено од 01 јануари 2022 година со живеалиште на територијата на Општина Крива Паланка.




**15** Донесовме одлука секое семејство кое има прваче во учебната 2022/2023 година да добие еднократен додаток од 3000 денари. Помошта се доделува врз основа на поднесено барање до Општина Крива Паланка од страна на член на семејството на ученикот.



**16** Доделени се стипендии за талентирани ученици, средношколци и студенти, како и за најуспешните спортисти во екипни и индивидуални спортови во изминатата учебна година и натпреварувачка сезона, а доделени се и субвенции за превоз на студенти.



**17** Доделивме признанија за најдобри ученици, ученици на генерација за учебната 2021/2022 од основните училишта „Јоаким Крчовски“ и „Илинден“ и средното општинско училиште „Ѓорче Петров“ по повод Денот на сесловенските просветители, браќата Св. Кирил и Методиј.



**18** Изработивме Родово одговорна СТРАТЕГИЈА ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ на Општина Крива Паланка 2022 – 2027.
Стратегијата е инструмент за реализација на долгорочна визија за развојот на општината и нашите развојни цели. Претставува референтна рамка за сите идеи, програми и проекти чија имплементација ќе ги подобри комуналните, јавни добра и услуги, како и енергетската и социо-економска инфраструктура.



**19** Успешно го спроведуваме проектот „Одговорни институции, среќни граѓани“ заедно со ОО Црвен крст-Крива Паланка, за помош и нега на стари лица во домашни услови.
Проектот е во висина од 11.034.000 денари обезбедени преку Министерството за труд и социјална политика со поддршка на Светска банка.
Во првите пет месеци од имплементација на проектот се воспостави услугата при што беа обучени/сертифицирани 20 негуватели за помош и нега на стари лица и лица со попреченост, следеше опремување на простор во ОО Црвен крст- Крива Паланка за потребите на негувателите и набавка на специјализирано возило за потребите на проектот.








**20** Општината успешно ја имплементира Програмата за општинско корисна работа, преку проектот „Цело е кога има се“ со поддршка од УНДП, МТСП и АВРМ.
Активностите се насочени кон нега и грижа за стари лица во домашни услови и ангажирање на воспитно образовни асистенти во основните и средното училиште. Активностите насочени кон ранливите категории граѓани Општина Крива Паланка ги продолжува во рамки и на други програми.




**21** Успешно го реализираме динамичкиот план за решавање на статусот на бесправно изградени објекти во Општина Крива Паланка и досега се завршени околу 250 предмети.





## МАНИФЕСТАЦИИ - КУЛТУРА

**1** Новогодишно украсување во пресрет на новогодишните и божиќните празници.
Со визија за една поубава и модерна Крива Паланка и со помош на бизнис заедницата,Општина Крива Паланка превзеде активности за новогодишно украсување на јавните површини. А со цел да создадеме пријатна празнична атмосвера, насмеани и задоволни лица на дечињата, на младите и на взрасните граѓани.






**2** Со музички, сценски и забавни активности за сите генерации, Општина Крива Паланка ја организираше досега најбогатата предновогодишна културна програма - „Новогодишниот базар“ со атрактивните дрвени куќички со сувенири, новогодишни и божиќни колачиња, греано вино и топол чај, како и други новогодишни содржини, кои го подигаат расположението на посетителите и ги внесуваат во светот на новогодишната атмосфера.
Посетителите имаа можност да го проследат настапите на многу музички звезди и да уживаат во нивните изведби. Како дел од Програма за „Новогодишен Базар“ беа застапени следниве музички бедови и изведувачи: Тајфата, Елена Велевска, Пајак и Јован, Владо Јаневски, Артист бенд, Insertakick, Нокаут, YU for YU Бјело Дугме, Два Бона, Исак Шабанович. Потоа настапите на Слаткар, Дац и Александар и Брасс брадарс.
Како дневна програма за најмладите, организиравме настапи на Хорот на Златно славејче, хорот Распеано Симитче, Кловнови, Жонглери и Дедо Мраз.
А како содржини на куќичките, посетителите имаа можност да се послужат со греано вино и чај, кафе и други пијалоци, колбас и палачинки, да си купат Новогодишни сувенири, Новогодишни пакетчиња.








**3** Свечено и во духот на традицијата, со коледарска песна и посна трпеза, со топли срца и насмевки ги одбележавме христијанските празници Бадник и Божиќ.



**4** Го одбележавме големиот христијански празник, Богојавление – Водици, празник на крштевањето и духовно раѓање, почеток на човековото живеење во верата.



**5** Направивме прва модерна обработка на старите звуци од кривопаланечката староградска песна, „Блазе тебе малој моме“ во ново рувo во изведба на „Распеани Паланчани“ со Александар Митевски и Драган Спасов-Дац.



**6** Ја реализиравме културната манифестација „Невестинското поклонение“ во црквата св.Теодор Тирон во село Конопница .
Покровител на манифестацијата е Општина Крива Паланка, организатор е РЗГ „ПАТНИК“, а за одржување на истата се погрижија Национална установа Центар за култура, Крива Паланка и Локална установа Градски музеј, Крива Паланка.



**7** Ја реализиравме спортската манифестација „Ципрели низ Осоговските Планини 2022’’ - офф-роад адреналинска авантура низ Осоговските Планини која ги промовира убавините на планините и привлекува неколку стотици учесници од земјата и странство.



**8** Општина Крива Паланка беше домаќин на францускиот караван “ЕУРОП РЕД” -караван од околу триста возила кои престојуваа во Крива Паланка, единствениот град во кој се задржуваат во нашата држава на своето 22- дневно патување низ Европа. Во знак на благодарност оставија донација одт близу 3.000 килограми училишни материјали, спортска опрема, канцелариски материјали и друго.






**9** Успешно ја реализиравме културната манифестација „Кривопаланечко културно лето 2022“, Летна културна манифестација со културни содржини од музичко - сценски, драмски, поетски и ликовен карактер.

-Настап на Националниот ансамбл „Танец“ и ВИС“Аманет“
-Музичка среда со Магдалена Иванова,
-Настап на Петар Малинов, Ненад Тонев и Дејан Алексовски со изведба на македонски евергрини, популарните домашни и странски поп-рок рефрени.
-Изведба на Илија Кикиритков.
-Презентирана праизведба на композициите во нов музички стил „new age“, музика од авторскиот албум на Биљана Петровска „Здивот на вечната љубов“
-Најмладите членови на КУД „8 Октомври“ настапија како домаќини, а гостуваа и учесници од Ковин, Р.Србија, како и од РС Македонија, од Битола и Кратово.







**10** Се одржа 36-то издание на Меѓународната ликовна колонија „Св.Јоаким Осоговски“ во периот од 20 до 27 јуни 2022 година.
Ова е една од најстарите ликовни манифестации од ваков вид во државата и единствена која се реализира во сакрален амбиентален простор. На годинашната ликовна сесија учествуваа ликовни творци од Шведска, Романија, Албанија, Србија, Бугарија, Турција, како македонски ликовни уметници кои создадоа околу дваесетина ликовни дела. Создадените дела се презентираат во манастирската галерија-стар конак, во ЛУ Градски музеј Крива Паланка и во повеќе градови во земјата.



**11** Се одржа четвртиот Меѓународен детски фолклорен фестивал “Паланечка тројка”на кој учествуваа околу двесте дечиња, играорци и играорки од повеќе фолклорни друштва и ансамбли од земјава и странство.




**12** Се одржа седумнаесетиот по ред „Меѓународен фолклорен фестивал Св.Јоаким Осоговски“ со учество на фолклорни ансамбли од Србија, Хрватска, Турција, Бугарија, како и ансамбли од РС Македонија.




**13** Го реализиравме деветтото издание на музичкиот фестивал „Џој фест 2022“, Крива Паланка-дводневена музичка манифестација на гадскиот плоштад.
Огромниот број посетители имаа можност да уживаат и да ги проследат настапите на: Каролина Гочева, Бени и „Нон Стоп“, „Црвена јабука бенд“ , „Brass Brothers“, „Нокаут“ и Аца Лукас.






**14** Го одбележавме Денот на Полицијата, 7 мај. На градскиот стадион сите посетители имаа можнист да се дружат со полициските служби, специјалните единици на МВР и да се запознаат со опремата во рамки на настанот по повод Денот на полицијата, 7 мај.








**15** Се одржа традиционалната манифестација „Велигденска традиција 2022“, во организација на Локална установа Градски музеј и Општина Крива Паланка. Хепенинг за избор на најдобро украсено велигденско јајце, декорација, дегустација на храна и пригодна музичка програма.



**16** Го организиравме 14-то издание на Меѓународен театарски фестивал „Свети Јоаким Осоговски“со доделување на традиционалната награда на фестивалот за заслуги во развој и промоција на театарската уметност.



**17** Се оддржа “Средновековниот фестивал” што ЛУ Градски музеј Крива Паланка го организираше во рамки на проектот “Одржливо искористување на културното наследство на Крива Паланка и Дупница” од ИПА програмата на ЕУ, прекугранична соработка на С.Македонија и Бугарија.








**18** За најмладите жители на Крива Паланка реализиравме разиграно „Првоаприлско дефиле под маски 2022“, а насмеаните и распеани дечиња донесоа весели звуци на градскиот плоштад во нашиот град.



**19** Следува реализација на музичкиот фестивал за деца „Распеано симитче 2022“, музички фестивал за најмладите паланчани за промоција на нови таленти и негување на музичките вредности.



# МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

***Општина Крива Паланка го прошири кругот на збратимени градови и отвори нови перспективи за соработка.***

**1** Потпишана е повелба за пријателство и соработка помеѓу Општина Крива Паланка и Град Лесковац,

Со овој чин ја унапредуваме заедничката соработка во насока на размена на нашите искуства и имплемнтација на сите заеднички активности кои што можат да го поттикнат заедничкиот напредок во сите подрачја од наша надлежност. Воедно ги промовираме универзални вредности на слобода, демократија, еднаквост и владеење на правото.



**2** Општина Крива Паланка и официјално се збратими со Грос Цимерн, Германија. Со чинот на збратимување, општините имаат можност за подобро меѓусебно запознавање и почитување, градење на нови мостови на соработка и создавање на нови иницијативи, размена на добри искуства и практики, што би допринело за развој и збогатување намеѓународната соработка.



**3** Остварена средба со амбасадорите од земји членки на Европска унија во РС Македонија, предводени од шефот на делегацијата на ЕУ во нашата земја, Дејвид Гир, а Европската куќа во Општина Крива Паланка беше местото каде се одржа редовниот годишен состанок на ЕУ амбасадорите.



**4** Општина Крива Паланка беше домаќин на Амбасадорот на Европската унија, Дејвид Гир, Амбасадорката на Шведска во РС Македонија, Кристин Форсгрен Бенгтсон и Амбасадорот на Република Бугарија, Ангел Ангелов.



**5** Остварена средба со Амбасадорот на Јапонија во РС Македонија, Н.Е. Хиронори Савада, со кој го потпишавме договорот за грант, поддржан од ГГП Програмата за мали проекти на Јапонската Амбасада со кој ќе се изврши реконструкција во детската градинка „Детелинка “, објект ,,Пролетна роса“ со вкупна вредност од 53.306 евра.



**6** Реализирана средба со кинескиот амбасадор во Република Северна Македонија, неговата екселенција Џанг Ѕуо.
Благогдарение на соработката со амбасадата на Кина и амбасадорот Џанг Ѕуо, обезбедивме ново урбано детско катче со реквизити за игра и забава на најмладите жители на општината, сместено во срцето на градот.



**7** Остварена средба со Амбасадорот на Франција во Северна Македонија, неговата екселенција,Сирил Бомгартнер, во контекст на одржување на „Франкофонска вечер 2022“ и негување на франкофонијата во Крива Паланка, одржувањето на досегашната одлична соработка со амбасадата и залагањата на професорите за афирмација на францускиот јазик и култура.



# ТЕКОВНИ ПРОЕКТИ

**1** Во најскоро време се очекува изведба на повеќенаменско мултифункционално игралиште во населба Дубје во с.Мождивњак, како и изградба-поставување на нова фитнес зона кај спортско-рекреативниот центар, со финсиски средства обезбедени преку Агенцијата за спорт и млади на Р.С.Македонија.

**2** Општина Крива Паланка започнува постапка за купување на депонија за инертен отпад.

**3** Преку Центарот за развој на Североисточниот плански регион ќе се реконструира дел од улицата „Св.Јоаким Осоговски“ на потегот од Осички мост до спој со магистралниот пат А2.
Вкупно 1.199 метри од улицата ќе бидат обновени преку проектот “Подобрување на инфраструктурата во Североисточниот регион за подобар пристап до туристичките локалитети” и под-проект Реконструкција на ул. Св.Јоаким Осоговски на потегот од Осички мост до спој со магистралниот пат А2”.

**4** Со одобрени два нови проекти и вкупно 27.4 милиони денари од Бирото за регионален развој ќе се асфалтираат пет нови улици и патишта во Општина Крива Паланка:

- •Патот кон с.Кркља ( 1485 метри)
- •ул.Македонска (крак 693 метри)
- •ул.Баглачка (142 метри)
- •ул. Осоговска (138 метри)
- •ул.Климент Охридски (500 метри).

Средства се обезбедени од Бирото за регионален развој, потпишани се договорите за финансирање на двата проекти:
-Создавање услови за рурален развој во село Кркља, преку кој ќе се изгради патниот правец кон с.Кркља во должина од 1485,52 м, со вкупен износ на проектот 13.786 000 денари, од кои доделени средства од Бирото за регионален развој се 12 000 000 денари и
-Создавање услови за развој на урбаните подрачја во општина Крива Паланка, преку кој ќе се изврши асфалтирање на ул. „Македонска“, дел од ул. „Баглачка, дел од ул. „Осоговска“ и ул. Климент Охридски“, со вкупен одобрен износ на проектот од 15 408 090 денари.
Наскоро се очекува тендерската постапка по што следува започнување на проектите.

**5** Планирано е проширување на дел од ул. „Св.Јоаким Осоговски“ на потегот од Фурна вардар до Соларски мост, со финсии обезбедени од Светска банка.

**6** Донесовме одлука за воведување зонско паркирање во централното градско подрачје, која ќе се спроведува во наредниот период.

**7** Планирано е засадување на Дрворед од 100 листопадни дрвја долж улицта Св. Јоаким Осоговски, на потегот од м.в.Стара килимара па се до излезот од градот.
Овие засади ќе развијат убави крошни чии сенки ќе придонесат за намалување на температурата во жешките месеци и овозможување на попријатни услови за прошетки.Ова се новите стандарди за разубавување и оплеменување на јавните површини, кои интензивно ги воспоставуваме во радот.

**8** Во состав на дворот на ООУ Илинден - ПУ с. Конопница ќе се започне со изградба на две спортски игралишта, со средства обезбедени од училиштето.

**9** Во тек е реконструкција на локален пат во село Конопница м.в. Чивл’к, во должина од околу 600 метри со средства обезбедени преку ТАВ програмата.

# ОБЕЗБЕДЕНА ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА

## 1 Адреналински парк





## 2 Игралиште во нас.Бавчал'к





## 3 Школо во с.Градец





## 4 Градски мостови








## 5 Старечки дом





СО СРЦЕ ЗА
КРИВА ПАЛАНКА